# Централ Азија Металс

(Групацијата, вклучително Централ Азија Металс ПЛС и сите нејзини подружници, ограноци, заеднички потфати и поврзани бизниси )

## ПОЛИТИКА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Цетрал Азија Металс (“Компанијата”) заедно со сите нејзини подружници, заедно (“Групацијата”) е целосно посветена на основните човекови права, како што е дефинирано во Меѓународната повелба за човекови права и Декларацијата на Меѓународната организација за труд за основните принципи и права при работа. Компанијата има за цел да развие силна организациска култура која ги поддржува меѓународно признатите човекови права, користејќи ги како водич Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права.

Групацијата верува дека робусниот пристап кон човековите права е од витално значење за исполнување на корпоративните одговорности, не само во однос на нашите вработени, туку и за работниците во нашите синџири на снабдување и во заедниците во кои работиме. Човековите права се наведени во политиките на нашата компанија, како што е нашиот Кодекс на однесување кој може да се најде овде: https://www.centralasiametals.com/corporate governance/company-policies/, кои ги надополнуваат нашите вредности и помагаат во спроведувањето на нашите принципи на работното место.
Следното ќе ви покаже како ние ги негуваме човековите права во рамките на нашиот бизнис.

- Задолжени сме да обезбедиме, стабилна, безбедна и сигурна работна средина за нашите вработени и изведувачи.
- Го цениме правото на индивидуално изјаснување и забрануваме незаконска дискриминација, како и дискриминирачки практики кога станува збор за регрутирање, обука и унапредување.
- Поддржуваме разновидност во сите форми на нашите работни места заедно со слободата на мислата, изразувањето, верувањето и мислењето.




- Ние ги третираме сите наши работници со достоинство и соодветно, имаме политика на нулта толеранција за вознемирувањето, без разлика дали тоа е физичко, вербално или психолошки.
- Гледаме да ги применуваме нашите стандарди и политики онолку колку што е разумно остварливо за добавувачите, вклучувајќи ги сите синџири на снабдување за понуда и побарувачка, партнери и трети лица изведувачи.
- Ние гарантираме дека нашите водечки принципи за еднакви можности, третман и правично наградување се почитуваат во текот на нашето работење

•Ние се придржуваме до законите за работно време и сме усогласени со правата што се однесуваат на бенефициите на вработените и договорените права.

•Ги почитуваме и се придржуваме до сите важечки закони кои се однесуваат на модерното ропство, детски труд, трговија со луѓе и неволна служба, како што е прикажано со нашата изјава за модерно ропство, која може да се најде на нашата веб-страница:https://wp-caml-2023.s3.eu-west-2.amazonaws.com/media/2020/05/Central-Asia-Metals-Plc-Modern-Slavery-Statement-2023.pdf.

•Ние ја признаваме слободата на здружување на работниците и правото на нашите вработени да преговараат колективно во рамките на пропишаните закони, соопштувајќи ги прашањата до раководството преку назначени вработени или претставници на синдикатот.

## ВАЖНОСТА ЗА АНГАЖИРАЊЕТО НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ И ЗАЕДНИЦИТЕ

Компанијата ќе се погрижи да има постојан ангажман со надворешните засегнати страни и околната заедница, за тие да бидат целосно свесни за каналите на комуникација што им се достапни во случај на потенцијални прашања за човековите права и да се чувствуваат доволно овластени за да можат да го покренат тоа со компанијата преку неговите механизми за поплаки.

## УПРАВУВАЊЕ СО ПОЛИТИКАТА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Правниот советник и нашиот Директор за одржливост помагаат во управувањето со политиката, а нашето повисоко раководство игра главна улога во комуникацијата и надгледувањето на спроведувањето на политиките на лице место.

Компанијата е посветена на пренесување на Политиката за човекови права не само на нашите вработени преку годишни напори за усогласеност, туку и на изведувачите на терен преку семинари и пошироко на нашите надворешни засегнати страни преку веб-страницата на компанијата. Компанијата се обврза да ги вклучи критериумите за човекови права во вежбите за длабинска анализа со набавки за проценка и управување со ризиците при ангажман со добавувачи и надворешни страни. Онаму каде што ќе се утврдат прекршувањата, ќе се преземат мерки за да се истражат, да се отстранат релевантните негативни влијанија и да се спречат идни прекршоци во согласност со нашите стандардни процедури.



## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГРИЖИТЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Компанијата очекува од нејзиниот персонал не само да се придржува до етичките деловни стандарди нагласени во оваа политика и во Кодексот на однесување, туку и да се изјасни таму каде што ќе бидат свесни за какво било неетичко однесување, како во компанијата, така и во нејзините синџири на снабдување. На овој начин можеме да помогнеме да се осигураме дека ја следиме потенцијалната злоупотреба и транспарентно ги пријавуваме преку нашиот Извештај за одржливост во согласност со глобалните стандарди.

Покрај нашите внатрешни процедури за поплаки и Кодексот на однесување кој го охрабрува изјаснувањето на пошироката заедница, имаме воспоставено Политика за укажување (https://wp-caml-2023.s3.eu-west-2.amazonaws.com/media/2019/06/Central-Asia-Metals-Plc-Whistleblowing-Policy.pdf), што им овозможува на вработените и на третите страни да ги изразат своите легитимни грижи преку анонимна, надворешна телефонска линија за пријавување која работи 24/7 на јазиците на сајтот.

Преку нашата Политика за укажување, раководството може да биде соодветно информирано за потенцијални инциденти и сомнително однесување, вклучително и непочитување на меѓународните закони за човекови права. Ова овозможува грижите да се решаваат на систематски начин, обезбедувајќи дополнителни гаранции за нашите заложби за човековите права.

Одборот на компанијата има потполна одговорност за обезбедување на почитување на нашите заложбите за човекови права на глобално ниво и е потполно информиран и ја одобрил Политиката за човекови права.

Потврдувам дека ја прочитав, разбрав и ќе сум во согласност со горенаведената политика во документот.

_______________________________ _______________________________

Потпис